# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ

**Деловни вредности**

- **Да го помогне водењето профитабилен и безбеден бизнис;**
- **Да презентира точни и ажурни податоци кои ќе им овозможат на корисниците да изградат, развијат и ефикасно управуваат со деловните односи со своите клиенти;**
- **Да има значајна улога во одлучувачкиот процес за сите даватели на пари, стоки и услуги во донесувањето брзи и ефикасни одлуки;**
- **Да ги поддржи потрошувачите за правилно управување со личните задолжувањата;**
- **Да применува високи етички норми во работењето.**

**Мисија**

**„НИЕ СЕ ГРИЖИМЕ ЗА ВАШЕТО ФИНАНСИСКО ЗДРАВЈЕ“**

**Визија**

**„ДА ГО ПОТТПОМОГНЕ ПРОФИТАБИЛНИОТ И БЕЗБЕДЕН БИЗНИС СО ЈАСНО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ РЕЛЕВАНТНИ И ДНЕВНО АЖУРНИ ПОДАТОЦИ“**

**Деловен концепт**

**„ОЛЕСНУВАЊЕ НА КРЕДИТНИТЕ И ДЕЛОВНИТЕ ОДЛУКИ СО ОДРЖУВАЊЕ ВИСОКИ ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ ВО РАБОТЕЊЕТО“**

**Стратешки цели**

**За да ги оствари својата Визија и Мисија, Македонското кредитно биро постави пет стратешки цели. Четири од овие цели се однесуваат на тоа ШТО Македонското кредитно биро сака да постигне и една КАКО тоа ќе се постигне. Тие се:**

| | |
|---|---|
| **Да обезбеди** ефикасна база на податоци за обврските на субјектите | **Да одржи** ажурност на податоци на дневна основа |
| **Да се етаблира** како значаен и доверлив деловен партнер | **Да создаде** претпоставки за зголемување на финансиската дисциплина |

**Да го организира работењето** во согласност со своите деловни вредности и највисоки стандарди на корпоративно управување

**Порака од Главниот извршен директор:**

За исполнување на Стратегијата за развој ќе се развиваат соодветни годишни политики за работење.
Развојната и деловните политики на Македонското кредитно биро нема да може да се остварат самостојно.
Затоа, во средиштето на политиките се наоѓа партнерството со давателите, односно со корисниците на податоци - членки на Македонското кредитно биро.
Политиките за работење ги почитуваат потребите и интересите на сите инволвирани страни.

Главен извршен директор
Славица Богоева